Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-20/4

Датум: 07-03-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-847 од 13.02.2023 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] о адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје и [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, сите вработени како административни службеници во Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Генералниот секретар на Владата на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.02.2024 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи од страна на Генералниот секретар на Владата на РСМ врз [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје и [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, сите вработени како административни службеници во Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ.

**Образложение**

На 13.02.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-847, поднесена од страна на [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје, [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје и [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје (во понатамошниот текст: подносител на претставката), за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Генералниот секретар на Владата на РСМ.

Подносителите се вработени како административни службеници во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Во претставката тие тврдат дека се дискриминирани при утврдувањето на додаток на плата за административни службеници за месец октомври 2023 година врз основ на нечленување во синдикална организација. Имено, согласно наводите во претставката, административните службеници од Канцеларијата на претседателот на Владата на РСМ на 06.11.2023 добиле решенија за утврдување на додаток на плата на административни службеници, врз основа на Предлог за остварување на правото на додаток на плата за месец октомври 2023. Предметните решенија биле изготвени од Генералниот секретаријат, а истите не соодветствувале со процентите кои се дадени во предлозите за остварување на правото на додаток на плата за месец октомври 2023, дадени од Шефот на Канцеларијата на Претседателот на Владата, односно кај 16 од вкупно 21 административни службеници изготвени се решенија со 5% додаток на плата, наместо 10% како што е предложено од страна на Шефот на Канцеларијата на Претседателот на Владата. Според подносителите, Шефот на Канцеларијата на Претседателот на Владата решава за правата од работен однос на административните службеници во Канцеларијата, согласно чл. 5 од Одлуката за формирање на Канцеларија на Претседателот на Владата (Сл. Весник бр. 72 од 22.03.2022). Канцеларијата на Претседателот на Владата, согласно наводите на подносителите, е посебна стручна служба на Владата, со посебен печат, штембил, надлежности и одговорности. Од друга страна Генералниот секретаријат на Владата дава техничко-финансиска поддршка, односно преку него се извршуваат исплатите за потребите на Канцеларијата, но тоа не значи дека Генералниот секретар на Владата може да ги менува Решенијата и другите акти на Канцеларијата со кои се определуваат платите и

другите надоместоци. Согласно тоа, подносителите сметаат дека Генералниот секретар спротивно на законските надлежности и доставените предлози, без никакви мерливи и објективни критериуми, изготвил решенија за утврдување додаток на плата на административен службеник, во проценти кои се произволно, дискреционо и дискриминаторски определени, спротивно на Уредбата за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додатокот на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт. Подносителите сметаат дека на овој начин врз нив е извршена дискриминација, затоа што Генералниот секретар ниту законски, ниту организациски не е запознаен со нивниот работен ангажман и успешност, па оттука тој формално правно нема надлежност да ги менува спомenatite предлози за остварување на додаток на плата на вработените во рамките на Канцеларијата на Претседателот на Владата. Од друга страна, подносителите тврдат дека само членовите на УПОЗ во Канцеларијата на Претседателот на Владата добиле додаток на плата од 10%, додека за останатите службеници од Канцеларијата, меѓу кои се наоѓаат и подносителите, линеарно е определен додаток на плата од 5%. Според подносителите, Генералниот секретар на Владата со носењето на ваквите решенија врз нив сторил дискриминација во работен однос заради нечленување во синдикат.

Бидејќи поднесената претставка не ги содржеше сите потребни елементи од член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно недостасуваа адресите на подносителите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.12.2023, на електронските адреси на подносителите достави барање за доуредување на претставката. Во барањето од подносителите се побара да ги достават своите адреси, но и да посочат конкретен компаратор, односно лице кое се наоѓа во споредлива ситуација, а со него посочениот дискриминатор не постапил на истиот начин. Во контекст на претставката на подносителите тоа би било лице или лица кои добиле додаток на плата од 10% поради тоа што се членови на синдикат. Иако наведувањето на компаратор не е изрично предвиден елемент на претставката во Законот за спречување и заштита од дискриминација и не претставува услов за уредност на истата, постоењето на комапаратор е нужен елемент за правење претпоставка за дискриминација, односно prima facie случај на дискриминација, услов за префрлање на товарот на докажување на потенцијалниот дискриминатори и суштински елемент на дефинициите за директна и индиректна дискриминација од чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

На 26.12.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување на претставката, во кој подносителите ги наведуваат своите адреси, меѓутоа не наведуваат конкретен компаратор.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 02.01.2024 година, до

Генералниот секретар на Владата на РСМ достави барање за произнесување по наводите на претставката.

На 11.01.2024 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено поднесок за дополнување на претставката од подносителите. Во овој допис подносителите доставуваат мејл комуникација во која, согласно тврдењата на подносителите, се шефицата на кабинетот на Генералниот секретар и членовите на синдикатот. Во мејл комуникацијата членовите на синдикатот се информираат дека во нацрт Колективниот договор, кој се уште не е на сила и е испратен на мислење до Министерството за финансии, се предвидува дека претставник на синдикатот ќе учествува во процесот на одлучување за остварување на правото на додаток на плата. Во рамките на истиот допис се дава и мејл комуникација, во која, повторно согласно наводите на подносителите, шефицата на кабинетот на Генералниот секретар на Владата ги информира членовите на синдикатот дека самите може до неа да поднесат барање за остварување на правото на додаток на плата за месец октомври 2023. Ваквата пракса, според подносителите, е спротивна на Уредбата за утврдување на буџетски корисници од централна власт, поблиски критериуми и начинот на утврдување на висината на остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт (Сл. Весник на РСМ бр. 50/23 и 191/23), согласно која предлогот за остварување на правото на додаток на плата го поднесува непосредно претпоставениот, раководниот административен службеник, секретарот или раководното лице на буџетскиот корисник.

На 12.02.2024 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од Генералниот секретар на Владата. Во поднесокот се наведува дека согласно чл. 8, ст. 2 од Уредбата за утврдување на буџетски корисници од централна власт, поблиски критериуми и начинот на утврдување на висината на остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт (Сл. Весник на РСМ бр. 50/23 и 191/23) раководното лице на буџетскиот корисник одлучува по предлогот од чл. 7 ст. 1 од уредбата, со решение со кое се утврдува висината на износот на додатокот на плата изразен во проценти, поединечно по вработен во буџетскиот корисник или донесува решение со кое се отфрла предлогот за остварување на правото на додаток на плата. Во конкретниот случај, согласно наводите од поднесокот, тоа е Генералниот секретар на Владата. Дополнително, во поднесокот се наведува дека важно е да се има предвид дека при одлучувањето, раководното лице мора да го има предвид и чл. 3, ст. 2 од Уредбата, според кој вкупниот износ на средства исплатени како додаток на плата на месечно ниво не може да биде поголем од 10% од вкупниот месечен износ на средствата за основна плата кај буџетскиот корисник. Следствено на ова, во поднесокот се тврди дека Генералниот секретар ги разгледал сите поединечни барања и во целост одлучил согласно правата и обврските кои ги пропишува Уредбата. Дополнително, во поднесокот се укажува дека секое поединечно решение со кое е утврден додаток на плата, содржи правна поука, која овозможува против решението

да се поднесе жалба преку Генералниот секретаријат до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од приемот на решението. Но, согласно наводите од поднесокот, ниту еден административен службеник не го искористил ова право.

Ценејќи ги наводите од претставката, поднесокот за доуредување на претставката, поднесокот за дополнување на претставката и поднесокот за произнесување по наводите на претставката, по утврдената фактичка состојба Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Генералниот секретар на Владата врз подносителите врз основа на нечленување во синдикат во област на работата и работните односи. Имено, на сите подносители, поединечно, со решенија, им било утврдено остварувањето на правото на додаток на плата во износ од 5% од износот на основната плата. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, нема законски надлежности да ја оценува законитоста на решенијата за утврдување на надоместок на плата, како управни акти кои ги донесува Генералниот секретар на Владата, во смисла на тврдењата на подносителите дека ваквите решенија се незаконски и не спаѓаат во законските надлежности на Генералниот секретар на Владата. Побивањето на управниот акт се врши со жалба, на начин, форма, рок и постапка пропишани во Законот за општа управна постапка. Комисијата единствено може да цени дали со ваквите решенија подносителите биле ставени во понеповолна положба заради некоја нивна лична карактеристика, споредбено со третманот кој го имале или би можело да го имаат други лица во исти или слични услови. Во конкретниот случај, Комисијата ценеше дали подносителите биле ставени во понеповолна положба со решенијата за утврдување на додаток на плата во износ од 5% од износот на основната плата, заради нивното нечленување во синдикат, во споредба со други вработени во Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ кои членуваат во синдикат и го оствариле правото на додаток на плата во повисок процент од подносителите, само заради нивното членување во синдикат. Во оваа смисла, подносителите не наведоа компаратор, односно конкретно лице кое се наоѓа во споредлива ситуација, а остварило право на додаток на плата во повисок износ од 5%, само затоа што е член на синдикатот, односно не сторија веројатно дека биле понеповолно третирани во одлучувањето за утврдување на правото на надоместок на плата заради нивното нечленување во синдикат. Подносителите не направија prima facie случај на дискриминација, а следствено на тоа не го префрлија товарот на докажување врз потенцијалниот дискриминатор. Оттука произлегува дека не постои каузалност помеѓу дискриминаторска основа и потенцијалната повреда на право. Воедно, во случајот не е наведен компаратор, односно лице кое се наоѓа во иста или споредлива ситуација со подносителите од каде би можел да се увиди нееднаквиот третман кон подносителите во утврдувањето на процентот на додатокот на плата. Од овде не може да се заклучи дека со утврдувањето на конкретните проценти на додаток на плата на подносителите потенцијалниот дискриминатор постапил понеповолно кон нив, за

разлика од останатите вработени во Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ кои добиле додаток на плата.

При така констатирана состојба, **во недостаток на повреда на право врз дискриминаторска основа и понеповолен третман, не може да стане збор за дискриминација**. Оттука произлегува дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое **разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа**, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група **на еднаква основа со други**. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на Генералниот секретар на Владата на РСМ кон подносителите.

Скопје,
28.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]